BRITISH COUNCIL | 20 YEARS IN MACEDONIA



# МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИОТ ПРИСТАП ВО НИВНОТО ПОВРЗУВАЊЕ

www.britishcouncil.mk

BRITISH COUNCIL | 20 YEARS IN MACEDONIA

# МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИОТ ПРИСТАП ВО НИВНОТО ПОВРЗУВАЊЕ

www.britishcouncil.mk



# СОДРЖИНА


**МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО,** воведен збор. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **06**
Елеонора Запрова, директор, Британски совет во Македонија

**МОДАТА КАКО ПРОИЗВОД НА ЕКОНОМСКИТЕ СОСТОЈБИ ВО ОПШТЕСТВОТО. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 08**
проф. д-р Лидија Наумовска, ЕУРМ

**КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО КАКО ОСНОВА ЗА УМЕТНИЧКИ МОДНИ КОНЦЕПТИ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10**
проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска - Јана, ЕУРМ

**ОГНОТ НА ТРАДИЦИЈАТА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11**
Јасемин Назим, кустос советник, НУ Музеј на Македонија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЕУРМ СКОПЈЕ И**
**НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА, КАКО ДЕЛ ОД СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕУРМ. . . . . . . . . . . . . . 12**
доц. д-р Елизабета Стамевска, ЕУРМ

**ДИЗАЈНОТ НА МОДНА ИЗЛОЖБА КАКО ПРЕДИЗВИК**
**ЗА ДИЗАЈНЕРИТЕ НА ЕНТЕРИЕР. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13**
доц. м-р Јовица Мијалковиќ, ЕУРМ

**ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИОТ ПРИСТАП ВО ПОВРЗУВАЊЕТО**
**НА МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14**
проф. д-р Гордана Вренцоска, ЕУРМ

**ИМПРЕСУМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46**

# МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## ВОВЕДЕН ЗБОР

Британскиот совет ја одбележува својата 20-годишнина во Македонија во 2016 година. Прославуваме две децении градење на културни и образовни врски помеѓу Македонија и Обединетото Кралство. На тоа патување наоѓаме нови начини за поврзување и меѓусебно разбирање преку уметноста работејќи со партнери, креативни заедници и поединци.

Оваа публикација е резултат на нашето партнерство со Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет – Република Македонија, Музејот на Македонија и Моден викенд Скопје. Со овие партнери споделивме заедничка цел – поддршка на потенцијалот на млади креативци, поголем интерес на модните дизајнери и општата публика за богатото културно наследство и презентација на креативната синергија помеѓу современата мода и традиционалните шари, ткаенини и облеки преку изложба наменета за широката публика. Модата, развојот на културните институции и промоција на различни креативни сектори се дел од поддршката која ја даваме во поттикнувањето и развојот на креативната економија во Македонија и светот.

Пошироко во уметноста работиме со најдобрите уметнички и креативни таленти од Велика Британија и светот за да поврземе илјадници уметници, организации и публика ширум светот. Промовираме и поддржуваме лидери во културата и професионални мрежи преку нашите културни и образовни програми. Заложбите за промоција на уметноста и поттикот на креативниот потенцијал остануваат да бидат составен дел од нашата програмска работа во областа на културата и во Република Македонија.

Би сакала да се заблагодарам на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет – Република Македонија и неговиот тим наставници и студенти за партнерството и вложениот труд во водењето и менторирањето на студентите и подготовката на изложбата „Свадбени приказни". Благодарам и на раководството и стручните лица од Музејот на Македонија кои овозможија стручни, технички и просторни услови и направија извонреден избор од богатата збирка која послужи како основа за креативните креации. Исто така, изразувам благодарност и до Моден викенд Скопје за нивната поддршка и вкопување на овој проект и придружната изложба во концепцијата на нивното сезонско модно издание. Се надевам дека читателите на оваа публикација низ примерот на посочената соработка ќе го препознаат капацитетот на креативните индустрии кои може да понудат развој, соработка, вмрежување и културен и економски напредок на едно креативно и иновативно општество.

Елеонора Запрова

Директор

Британски совет во Македонија



# МОДАТА КАКО ПРОИЗВОД НА ЕКОНОМСКИТЕ СОСТОЈБИ ВО ОПШТЕСТВОТО

проф. д-р Лидија Наумовска

**Циклус на промени според Nikolay Kondratieff**

Многу е значајно да се истражува споредбата меѓу развојот во сегашноста, иднината и минатото, зошто оној кој знае да го интерпретира минатото, може да ја антиципира иднината.

Постојат многу малку херои во економијата, но еден од патроните на оваа професија мора да е Николај Кондратјев, кој беше застрелан по наредба на Сталин во 1938 година. Тој умре за она во кое веруваше. Неговата академска работа донесе храбра прогноза, дека капитализмот нема да пропадне како резултат на големата Економска криза во 1929 година. Сталин не сакаше да ја слушне вистината, така што Николај беше убиен и неговото дело за предвидување на циклусите за економски промени во општетствата беше потиснато две децении.

Економскиот циклус на промени, може дескриптивно да се опише. Економијата расте и опаѓа во долги циклуси. Нов бран наидува секогаш кога има нови иновации и технологии и тој трае до некој максимум, после кој почнува да опаѓа.

Циклус на промени по Kondratieff




Source: Nefiodow 1999.

Пронаоѓањето на парната машина, 1800 година; Челикот и железницата 1850; електроника и хемија 1900; Петрохемијата и автомобилот 1950 година; Мобилниот телефон и интернетот 2000; беа растечки машини за развој на економијата и економски циклуси кои траат педесетина години, а по заситувањe на пазарот, опаѓаат, се подлелени во шест циклуси.

Интересно е што петтиот циклус на Кондратиеф и дава централна улога на информацијата и знаењето. Со Интернетот кој е сосема нов медиум, беше креиран од компјутер и телефон, се промени приватниот живот на човекот и работата. Големиот прогрес во производството нема да се однесува само на многу подобрена технологија или машина, туку и на развој на вештачката интелигенција која вртоглаво ќе го промени светот.

Во шестиот циклус ќе стојат социјалните потреби во согласност со здравјето. Тоа нема да се однесува само на физичкото здравје кое го подразбираме денес, туку во секоја духовна смисла: ментална, еколошка и социјална. Прогнозата е дека следната иновација ќе биде основата на фактот дека луѓето во иднина подобро ќе ги користат ресурсите. Тоа ќе се однесува на креативноста, мотивацијата, чувството за одговорност и спремност да се употреби сè...

**Како се манифестираат економските циклуси на модата?**

Заедничка меѓу овие два феномена е нивната циклична природа. Модните циклуси не се многу очигледни во јавноста. Сепак, постојат многу фактори кои ја диктираат цикличноста, а тоа се: културните трендови, политичките и влијанијата од славните личности. Еден од изненадувачки важните фактори кои влијаат на циклусот на модата, сепак, е состојбата на светската економија. Кога снемуваат пари во општествата, модата е прво нешто што ќе го жртвува потрошувачот, за да заштеди пари.

Во тешки времиња, ако е потребна нова облека, фокусот е насочен помалку на купување на трендовски модели, а повеќе на класични, квалитетни парчиња, бидејќи тие ќе траат подолго, па вкупните трошоци за облекување ќе се намалат на годишно ниво. Како што вели професорот John Mincarelli за ABC News „во време на економска криза, луѓето купуваат облека, само колку да се облечени, односно, за основни потреби".

Има интересни анализи за модата во светот во хронолошка зависност со економските циклуси:

Мода 1770 - 1780 Неокласицизам

Екстравагантна облека во кралските семејства. Но во 1782 год почнува Француската револуција која предизвикува големи промени во облекувањето. Облеката станува пообична, едноставна, нема веќе корсети, високи потпетици. Се носат шапки со пердуви. Овој нов стил на облекување го охрабрува Наполеон и неговата заљубеност во Цезар. Тој сака да наметне стил со кој ќе се изгледа како во времето на Цезар, па таква е и царската мода.Така завршува 17 век.

Како започнува 18-иот век?

Корсетот се враќа во мода, но со поедноставна конструкција.

1817 - 1848 се појавува романтизмот. Шапките, фустаните стануваат поедноставни, малку декорирани.

1830 здолништата и ракавите стануваат пополни. Потребни се перничиња за да изгледаат луксузно.

1840 е откриена гумата (Викторијанска ера). Се користат памучни материјали, помалку чипки.

1850 е откриена машината за шиење. Веќе се е поедноставно.

1870 во мода влегува мистичност, се носат кринолини. Многу широки фустани. Раскош.

1860 почнува американската цивилна војна и завршува 1865.

1877 се констатира дека тешко се чекори со тие луксузни фустани.

1885 се нагласува фигурата на жената. Повторно стануваат актуелни корсетите, но сега само ја стегаат фигурата на жената, а не се луксузно обложени.

1890 - 1911 Едвардиа The unnatural Waistline Persists

Мода 1920 - 1930

На женската мода по Првата светска војна влијае новото место на жената во општеството. Мажите биле на фронтот, а жените ја преземале нивната улога во индустријата, стопанството, училиштата, болници и други институции. Ни после војната тие не се одрекоа од новоосвоената економска слобода и самостојност, и по прв пат во индустријата имаме вработени жени кои не припаѓаат на ниската класа. Во текот на овој период модата се приспособува на Ле Корбизие стилот за функционалност, што придонесува за исчезнување на ориенталниот стил.

Во 1920 година, здолништата стануваат пократки, како начин жените да ги покажат своите свилени чорапи.

Откако се урна пазарот, за време на светската депресија од 1929 год., здолништата станаа со нормална должина, бидејќи жените мораа да го скријат облекувањето зошто не можат да си дозволат свилени чорапи.

Должината на здолништето не е единствениот индикатор. Продажбата на поевтини ситници за разубавување најдобро ја отсликуваат состојбата на економијата. Карминот на пример, најдобро се продава за време на економски кризи, бидејќи поскапите работи жените не можат да си ги дозволат.

Висината на потпетицата, исто така, дава индиции за состојбата на економијата. Обично, во услови на економска криза, висината оди нагоре, за потрошувачите да се чувствуваат посигурно, повисоки, помаркатни. Така, висината на петицата беше највисока во 2009 година, за време на шпицот на рецесијата.

За да се види каква е економијата, доволно е да се погледне на модните писти, од кои може да се дознае за моменталната состојба и за иднината во економијата.

# КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО КАКО ОСНОВА ЗА УМЕТНИЧКИ МОДНИ КОНЦЕПТИ

Проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска - Јана

Културно наследство претставува материјално и нематеријално добро коешто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење. Една од главните цели на културното наследство е да ги развива сознанијата за вредностите и значењето на културното наследство, и за дефинирање на културна идентификација. Културното наследство, неговата намена, има обврска да биде интерес на културните, научните, едукативните, естетските, верските, економските, туристичките и другите потреби на општеството.

Облеката гледано од аспект на културното наследство од Македонија поседува своја ритуална, магиско-обредна функција, преку која се манифестира територијалната припадност и етничкиот идентитет. Значењето на народниот костим се состои во принципот на документирање на идентитетот на еден народ. Уште при создавањето на народниот костим, на носијата, во самата нејзина основа може да се забележат основните кројки кои го потврдуваат фактот дека таа во себе содржи форми чии влијанија потекнуваат од повеќе различни народи и култури.

За разлика од народниот костим, модата има различна улога и функција на менливост, брзина, инсистира на нови форми, брзо конзумирање и постојано менување на стилот, навлегувајќи во еден неформален моден систем.

Проектот „Модата и културното наследство", следејќи ги општите научно-теоретски и практични начела од претходно наведената кратка анализа во овој труд, создаде целосен нов современ и креативен моден концепт со етно карактеристики како типично обележје на културното наследство од Македонија. Систематизирајќи повеќе интердисциплинарни методи на истражување, започнувајќи од областа на етнологијата, ликовната уметност и применетата уметност, преку теоријата на модата и модниот дизајн, модниот концепт наречен „Свадбени приказни" на Скопскиот моден викенд повеќе од успешно ги презентираше етно креациите на студентите, како резултат на неколкумесечниот проект „Модата и културното наследство", во чија реализација учествуваа Британскиот совет во Македонија, Европски универзитет – Р. Македонија и НУ Музеј на Македонија.

Студентите од Факултетот за арт и дизајн со ведар дух, храбро се нурнаа во водите на богатото македонско културно наследство инспирирајќи се од историско - етнолошките поставки кои ги поседува Музеј на Македонија.

Сите субјекти во овој проект создадоа крајно успешни модни егземплари кои можат да послужат и како основа за понатамошна анализа, поврзувајќи ги првенствено областите на креативните индустрии, а со самото тоа се дава и директен придонес за развој на македонската економија.



# ОГНОТ НА ТРАДИЦИЈАТА

Јасемин Назим, кустос советник, НУ Музеј на Македонија

Денес, ширум светот, една огромна текстилна индустриска гранка, со сложена технологија и организација на работата се занимава со производство на облека. Во минатото, пак, облеката во селските, а делумно и во градските средини во Македонија, била речиси исклучиво домашен производ на жените селанки и домаќинки. Британската писателка Ребека Вест, во својата книга - патопис од југословенските земји во 1937 година „Црно јагне, сив сокол" пишува за македонската селанка: „Оваа жена во својата немаштија, без личен имот, безбедност и помош во породот имала во себе нешто многу повредно – суштината на традицијата, сјајот на изминатите времиња". Со неколку груби и едноставни алатки раката на селската жена го изведува чудото на креацијата, создавајќи префинети ткаенини и облека во која е вткаен духовниот свет и традицијата на нашиот народ. Ребека Вест смета дека: „Традицијата не е нешто материјално што би можело да преживее без посредство на луѓето. Таа може да живее само благодарејќи на човечката моќ на сфаќање на нејзината структура и подготвеноста да реагира на топлината на нејзиниот оган".

Токму проектот „Модата и културното наследство", беше вистинската реакција на топлината на огнот на нашата традиција. И ете, веројатно не толку случајно, повторно Британците не поттикнаа да ја продлабочиме комуникацијата со најубавите творби на македонската традиционална материјална култура - народните свадбени носии. Богатата збирка на народни носии на Музејот на Македонија, изложени во постојаната поставка, беше вистинско откритие за студентите на моден и графички дизајн од Европскиот универзитет – РМ. Кустосите во Музејот им дадоа детални информации за народните носии, материјалите и техниките на изработка, свадбените обичаи и воопшто за народната култура во Македонија и контекстот во кој се изработувале и носеле носиите.

Во работилницата „Модата како уметност" која се одржа Музејот, се постигна висока интеракција меѓу сите учесници. Предавањата, упатствата и комуникацијата со студентите на модниот куратор и предавач Сузан Постлвејт од Лондонскиот колеџ за мода и Кендал Робинс, програмски раководител за мода во Британскиот совет во Лондон беа исклучително инспиративни за студентите. Студентите многу успешно ги применија сугестиите на професорката Сузан Постлвејт да се концентрираат на одредени детали и карактеристики на македонските носии – слоевитоста, орнаментиката, украсите и боите и да ги транспонираат во нивните креации, збогатени со своите лични интерпретации и емотивни реакции.

Резултатот на оваа работилница беше извонредната изложба „Свадбени приказни". Во Музејот на Македонија во исто време можеа да се видат старите народни носии и современите креации на студентите кои упеаја, токму како што вели Ребека Вест, да ја сфатат структурата на традицијата и да го продолжат нејзиниот оган.

# ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЕУРМ И НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА, КАКО ДЕЛ ОД СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕУРМ

Доц. д-р Елизабета Стамевска

Активностите на стратегискиот менаџмент на Европскиот универзитет - РМ се насочени кон успешна реализација на мисијата и визијата на високообразовната институција, што подразбира континуирано следење на модерните европски и светски трендови во високото образование, отвореност во комуникацијата, учество во домашни и меѓународни проекти, организирање конференции, советувања и остварување долгорочна компатибилност во академското окружување. Во таа насока, ЕУРМ има склучено низа договори за соработка со повеќе реномирани универзитети, факултети, компании и институции од земјата и странство, од каде сигнификантна е неговата посветеност кон реализација на иницијативи, стратегии и планови, од страна на врвните менаџери.

Развојот на проекти и програми, дизајнирани за успешно остварување на стратегиските цели, е битен аспект од работата на стратегискиот менаџмент. Во тој контекст е потпишан и Меморандумот за соработка меѓу ЕУРМ и Британскиот совет во РМ, за проектот „Модата и културното наследство“, каде што како активен партнер и учесник беше вклучен и НУ Музеј на Македонија.

Проектот го реализираа студентите на прв и втор циклус студии по моден, графички дизајн и дизајн на ентериер од Факултетот за арт и дизајн, под менторство на нивните наставници: проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. м-р Јана Манева Чупоска и доц. м-р Јовица Мијалковиќ, како и кустосите Јасемин Назим и Нада Андоновска од Музејот на Македонија. Проектните активности започнаа со тридневната работилница „Модата како уметност“, којашто се спроведе во Музејот на Македонија, под раководство на модниот куратор и предавач од Велика Британија проф. Сузан Постлвејт од Лондонскиот колеџ за мода.

Фокусот беше ставен кон примената на македонското културно наследство од богатата ризница на музејски колекции со облека, текстил и накит во креациите на студентите и изнаоѓање нови уметнички дострели на модна експресија во нивните дела. Работилницата ги прошири видиците на младите, современи дизајнери кон богатото културното наследство на нашата земја, од аспект на зголемување на културната вредност во модата и респектирање на различните традиции и културни приказни, кои таа ги рефлектира.

Истражувањата за традицијата, специфичните значења, симболи, асоцијации и историските факти за модата и културното наследство на Македонија, пред поширокиот аудиториум беа претставени со финални дела на студентите, на модната изложба „Свадбени приказни“, реализирана во Музејот на Македонија, во рамките на Модниот викенд, кој, во континуитет, се одржува секоја година. За младите автори ова претставуваше исклучително важен настан, поради можноста да ја артикулираат својата визија и творечки потенцијали за темата која ја обработуваа, во контекст на неколкумесечниот проект.

Поврзувањето на Европскиот универзитет - РМ и НУ Музеј на Македонија ја поттикна меѓусебната размена на знаење и искуства на двете институции и ги охрабри интелектуалните и творечки пристапи на студентите, кои учествуваа во креативните работилници. Посебно значајно е сознанието дека ваквите проекти ја проширија рамката на меѓусебна институционална соработка, на различни нивоа, а во иднина се очекува таа да се надополни со нови сегменти и содржини.

Конечно, со оваа публикација се заокружуваат спроведените проектни активности на Европскиот универзитет и НУ Музеј на Македонија, во координација на Британскиот совет.







# ДИЗАЈНОТ НА МОДНА ИЗЛОЖБА КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ДИЗАЈНЕРИТЕ НА ЕНТЕРИЕР

Доц. м-р Јовица Мијалковиќ

"Архитектурата е празната школка од сликата на Ботичели, а Венера е ентериерот".

Дизајнерите на ентериер треба да го претстават духот на времето во кое живеат, но и да направат чекор напред (да го предвидат времето на дизајнот).

Дизајнот на ентериер во музејските поставки е најтешката провокација за дизајнерите. Големата приказна, желба и знаење за таквиот простор, студентите од областа на ентериер треба да го „заборават“, бидејќи тие простори не дозволуваат да се потенцира потписот, односно "музиката" во дизајнот. Уредувањето на ентериерот на музејските поставки е споредено со "скриена музика" во просторот, бидејќи главниот дел го заземаат експонатите кои се изложуваат, во случајов модни експонати.

Во модната поставка на изложбата „Свадбени приказни“, на која работеа студентите од насоката дизајн на ентериер: Бесник Ризмани, Верица Стојановиќ, Невена Наумоска и Ивана Стојановска, беше дозволено да изработат ентериер како уметничка поставка. Дизајнерите на ентериер (студентите) беа уметници/скулптори кои го надополнија просторот во Музејот на Македонија, претходно дизајниран без "музика". Освен што ги конципираа просторните и светлосни решенија на изложбата, студентите по ентериер работеа и како надополнување на студентите од моден дизајн, директно учествувајќи во решенијата на поставките кои беа во форма на инсталации. Заедно со кустосите од Музејот, успеаја изложбата да ја „разиграат“ и со експонати од постојаната колекција на етнолошката поставка.

# ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИОТ ПРИСТАП ВО ПОВРЗУВАЊЕТО НА МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Проф. д-р Гордана Вренцоска

Иницијалните разговори за конципирањето на проектот „Модата и културното наследство" започнаа за време на есенскиот Моден викенд Скопје во октомври 2014. По одржувањето на предавањето **„Модата и културното наследство"** на Кендал Робинс, програмски менаџер за мода во Британски совет Лондон и нејзиниот осврт за богатството на текстилното фолклорно наследство што имаше можност претходно да го види во Музејот на Македонија, препознавме заеднички интерес за соработка преку која ќе може да се направи обид за поврзување на современиот дизајн со културното наследство од Македонија. Како членка на одделот за Архитектура, дизајн и мода во Британскиот совет во Лондон, Кендал Робинс (Kendall Robbins) имаше прилика да работи на подготовките на изложбата **„РЕКОНСТРУКЦИЈА: културното наследство и создавањето на современата мода"**[1] (RECONSTRUCTION: Cultural Heritage and the making of Contemporary Fashion) чија цел беше да се истакне важноста на локалните традиции од текстилот и облекувањето во работата на современите дизајнери. Оваа изложба беше одржана во шест земји на Централна и Јужна Азија: Казахстан, Узбекистан, Бангладеш, Пакистан, Русија и Грузија во периодот 2011 – 2012 година, како рефлексија на проектот **„Нов пат на свилата"** (New Silk Road) што Британскиот совет го спроведуваше од 2007 до 2010 година. Според раководителот на проектот и куратор на изложбата Алисон Молони (Alison Moloney), овој проект со серија работилници имаше задача „да ги истражи можностите на дизајнот за трансформација на наследството во современа валута" . Исто како и малите скапоцености кои со векови пристигнувале во Европа по Патот на свилата - боите, свилата, муслините, брокатите и памучните ткаенини, донесувајќи ја со себе спецификата на потеклото и традициите на поднебјето, така и изложбата имаше цел да понуди преглед на некои од традициите и културното наследство што станале есенцијален дел од творештвото на современите модни дизајнери.

Во селекцијата на изложбата се вклучени Хусеин Чајалан (Hussein Chalayan), Питер Јенсен (Peter Jensen), Софија Кокосалаки (Sophia Kokosalaki), Мариос Шваб (Marios Schwab), Пол Смит (Paul Smith), Вивиен Вествуд (Vivienne Westwood) и Осман Јусефзада (Osman Yousefzada). За кураторот на изложбата интересни се нивните врски со пошироките интернационални заедници што свесно ги вклучуваат во своите истражувања (некои од нив и самите доаѓаат од други култури), иако живеат во Велика Британија: „Нивните колекции покажуваат дека, иако модата е длабоко поврзана со личниот идентитет, може во својата ткаенина да содржи комплетни истории и култури, што одѕвонуваат во современиот дизајн"[2].

На своето предавање во Скопје Кендал Робинс го посочи примерот со Марјан Пејоски, дизајнерот со македонско потекло кој живее и твори во В. Британија, кој често користи етнолошки и културни референци во своето модно творештво. Преку сите овие примери беше согледана можноста за разработка на оваа проблематика и во Македонија, со вклучување на младата генерација дизајнери во потемелен процес на истражување и изучување на културното наследство од сопствената земја, за унапредување на сопствениот дизајнерски процес.

Во заедничка институционална координација беа договорени рамките на проектот и плановите за негова реализација.

Проектот се надоврзува на активностите што Британскиот совет во Македонија ги спроведува во областа на музеите и модата во Македонија, со цел да се истражи меѓусебната врска и да се изнајде начин на меѓусебно поврзување со заеднички придобивки за двете културни гранки.

Музеите се поттикнати да увидат како може да ја искористат својата колекција на традиционални костими и мода, да изнајдат современи методи на презентација и кураторство на облеката и да привлечат нова публика.

Студентите по мода и дизајн се поттикнати да согледаат каква улога има локалното културно наследство во нивната дизајнерска практика и како да ги употребат историските архиви за да го продлабочат својот истражувачки процес. Исто така, и тие треба да бараат нови начини за модна презентација што ќе им помогне да остварат поразлична комуникација со публиката. Тоа значи дека ќе можат да пристапат интердисциплинарно, уметнички, мултимедијално, да размислуваат за креативна примена на инсталациите, објектите, сценографијата, светлото, перформансот и другите елементи на презентацијата. Ова значи дека ќе соработуваат меѓусебно и ќе ги искористат спецификите на модниот дизајн, графичкиот дизајн и дизајнот на ентериер.

Учесници во пректот се студенти на прв и втор циклус студии по моден дизајн, графички дизајн и дизајн на ентериер, ментори од Факултет за арт и дизајн (ФАД) ЕУРМ и кустоси од НУ Музеј на Македонија. Организацијата е на Британскиот совет во Македонија, а партнери се: Европски универзитет – Р. Македонија и НУ Музеј на Македонија.

Научно-истражувачкиот проект ги опфати следните тематики:

• Интердисциплинарниот пристап во поврзувањето на модата и културното наследство – како главна тема, со проф. д-р Гордана Вренцоска како главен раководител на проектот;

• Културното наследство како основа за уметнички модни концепти – со извршен раководител проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска;

• Дизајнот на модна изложба како предизвик за дизајнерите на ентериер – со доц. м-р Јовица Мијалковиќ, како извршен раководител

• Институционалната соработка помеѓу ЕУРМ Скопје и НУ Музеј на Македонија, како дел од стратегискиот менаџмент на ЕУРМ – со доц. д-р Елизабета Стамевска, како извршен раководител;

• Модата како производ на економските состојби во општеството – со проф. д-р Лидија Наумовска, како извршен раководител;

• Раководење на работилница за модна изложба под наслов „Модата како уметност" – со проф. Сузан Постлвејт, Универзитет на уметности Лондон, како извршен раководител.

[1] Alison Moloney, "Start". Во каталогот за *RECONSTRUCTION: Cultural Heritage and the making of Contemporary Fashion* (London: British Council, 2011).
[2] Ibid

**ПРВА ФАЗА:**

**РАБОТИЛНИЦА ЗА МОДНА ИЗЛОЖБА „МОДАТА КАКО УМЕТНОСТ“**

### ДЕН 1: ИЗЛОЖБАТА КАКО АВТО-ЕТНОГРАФИЈА

•Прием на Европскиот универзитет – РМ, Ректор проф. д-р Лидија Наумовска

•Обраќање на проф. д-р Јана Манева Чупоска, декан на ФАД

•Презентација на работата на Факултетот за арт и дизајн, проф. д-р Гордана Вренцоска, продекан на ФАД

•Презентација, проф. Сузан Постлвејт, Лондонски колеџ за мода, Универзитет на уметностите Лондон: Изложбата како авто-етнографија - музеите и нивната дејност; кустосот како уметник / уметникот како кустос; невро-лингвистичко програмирање (НВП) за перцепцијата и емпатија; замислена врска и однос со објектот/артефактот.

•Разгледување на етнолошката поставка за текстил, облека и накит, НУ Музеј на Македонија, Јасемин Назим и Нада Андоновска, кустоси.

•Студентска работилница – истражување во Музејот и практична работа.

### ДЕН 2: СОДРЖИНА И МОДНА ПРИКАЗНА

•Овед во нови кустоски практики, презентација на проф. Сузан Постлвејт

•Студентска работилница – истражување во Музејот и практична работа.

### ДЕН 3: ЈАС СУМ КУСТОС И ПОСТАВУВАМ ИЗЛОЖБА

•Проектен менаџмент на модни изложби, презентација на Кендал Робинс, програмски раководител за мода, Британски совет Лондон

•Студентска работилница – истражување во Музејот и практична работа

•Презентација на концептите

•Планирање на следните чекори.

За време на работилницата „Модата како уметност“, водена од професорката Сузан Постлвејт, студентите се соочија со нови методи на забележување и интерпретација на истражувањата. Секој од учесниците требаше да избере костим/облека која навистина им се допаѓа и да направи модел/макета/интерпретација во природна големина или поголема, истакнувајќи ги работите кои им се допаѓаат во тој ансамбл. Во процесот на изведба на макетите не смееше да се користи прибор за скицирање, туку само ножици/алати за сечење за да се добие обликот, деталите и текстурата/украсувањето, а потоа да се спојат со хефталки, игла и конец. Сите материјали кои беа на располагање беа во црно-бели варијанти, со цел да се размислува „графички“. „Прескокнувањето“ на фазите на дводимензионалната визуелизација со mood board колажи во боја и скицирањето со моливи во директно моделирање во трета димензија за студентите од Факултетот за арт и дизајн беше нов и поинаков метод на визуелизација. Сепак, овој метод беше сосема соодветен за процесот на истражување во просторноста на музејот и тродимензионалноста на изложените артефакти. Паралелна задача за пишување: да се напише краток опис на одбраната облека или примерок; потоа, да се опишат наисцрпно деталите на облеката/примерокот и на крај да се напише расказ (со примена на имагинација) за облеката за тоа како дошла во Музејот? Кој ја поседувал, кој ја направил, колку време било потребно за тоа, кога била носена, итн. По оваа „макро“ фаза следеше „микро“ фаза, во која студентите требаше да направат минијатури на костимот што го обработуваат, истакнувајќи/зголемувајќи ги формите со кои сакаат да креираат современо уметничко и дизајнерско решение. И во оваа фаза беа користени црно-бели материјали. Една од задачите беше и да се направат сценографски поставки со големите и малите кукли од хартија во различни делови од Музејот, со што можеше да се симулира „изложување“ на експонатите во простор.

Овие сценографски поставки беа фотографирани, а преку отпечатените фотографии се правеше анализа на сработеното.

Сите овие методи на работа беа применети со цел да поттикнат нов вид изложување/поставка за музејот која би можела да вклучи технологија, интеракција, дотерување или видоизменување со виртуелна реалност на оригиналниот костим во современ моден дизајн. Работата во изложбените простории на Музејот и опкружувањето со оригиналните артефакти даде нова димензија на процесите на дизајнирање. И во подоцнежните дискусии студентите ја посочија оваа можност како „привилегија“ и дополнителна мотивација за студиозен и креативен пристап кон проектот.

Работилница „Модата како уметност“, Музеј на Македонија















## ВТОРА ФАЗА:

## РАЗВОЈ НА ПРОЕКТИ ЗА МОДНА ИЗЛОЖБА

Развојната фаза траеше вкупно три месеци, со доволно време за индивидуални истражувања, развој на идеи, нивна визуелизација преку колажи и скици и создавање на прототиповите. На студентите им беше посочена стручна литература (книги, научни трудови и интернет портали) од сферата на културното наследство, но и од сферата на модните изложби. Речиси сите консултативни средби се одвиваа заеднички, со учество на студентите, менторите, кустосите од музејот и претставниците од Британски совет и Моден викенд Скопје. Ова беше од голема важност заради меѓусебна информираност, можноста за размена на идеи и осмислување на следните чекори. Во последната фаза на развој беа интензивирани консултациите на ниво студенти - ментори, заради поуспешно изнесување на предложените дизајнерски концепти и изработката на прототиповите.

Размислувањата на студентите беа усогласени со специфичноста на формата на презентацијата која беше испланирана, а тоа е модна изложба во музеј за културно наследство. Како „жежок тренд во музеите за уметност и културно наследство во целиот свет“[3] модните изложби се ново и позитивно искуство како за музејот, така и за самите дизајнери, но и за публиката. Со овие нови пристапи се согледува „аспирацијата за надминување на перцепциите на публиката за музејот како место полно со стари артефакти, за место со најнови форми на презентации и живи креации превземени директно од нашата современа култура“[4]. Во модниот дискурс „бенефитот е двонасочен: модата влегува во Музејот, но и Музејот во модата“[5].

За модните дизајнери „музејските модни изложби се поинаква форма на презентација и комуникација, ослободена од стриктниот и преполнет календар на модните сезони и од притисокот на бројките од продажбата“ . Уште пред да започнат со развој на индивидуалните проекти, на студентите им беа предочени можностите и придобивките за дизајнерите од музејските модни изложби:

-Можности за интердисциплинарен пристап и соработка со други дизајнери, уметници, архитекти, илустратори, режисери, итн;

-Можности за мултимедијални презентации кои ги збогатуваат поставките и овозможуваат повеќесензорно искуство за публиката;

-Претставување на уметничката страна на проектите: експериментите, креативниот процес и инспирациите за дизајнот, целосната „приказна“;

-Претставување дела создадени во одреден временски период и зајакнување на имиџот на креативниот идентитет на дизајнерот;

-Претставување на модните дизајнери како комплетни автори;

-Изложување на високата мода во подостапен и подемократски начин;

-Досегање до поширока публика и поголемо прифаќање;

-Овозможување на публиката повеќе време за интеракција со изложените дела (во споредба со краткото време на изложеност на модните ревии) и блискост до делата за подобро разгледување на деталите (како на пример материјалите, дезените, шиењето, украсувањето);

-Можност за критичко вреднување и согледување на уметничките вредности на изложените дела[7].

На последниот ден од работилницата спонтано се наметнаа дискусиите за свадбите и свадбените обичаи, бидејќи најголем дел од етнолошката поставка на костими, накит и текстил во Музејот на Македонија е поврзана со експонати кои биле/се дел од свадбените традиции во Македонија. Овие предмети со церемонијален карактер секогаш биле изработувани и чувани со најмногу внимание, и затоа голем дел се зачувани во подобра состојба. По следењето на дискусиите на студентите за свадбените традиции, темата „Свадбени приказни“ беше предложена од страна на главниот раководител на проектот и кураторот Гордана Вренцоска, а на заедничкиот состанок по работилницата беше усвоена како поврзувачка за проектите кои ќе се развијат за завршната модна изложба.

[3]Gordana Vrencoska, “Museum Fashion Exhibiitions: The fashion designer as an artist and new paradigms of communication with the audience” . Proceedings, 5th International Scientific Conference “New space in art and science”, The Science European University – R. of Macedonia, Skopje. (19 June 2015), 515.
[4]Ibid., 516.
[5]Гордана Вренцоска, во говорот по повод отворањето на изложбата „Свадбени приказни“, 21 октомври 2015.
[6]Gordana Vrencoska, “Museum Fashion Exhibiitions: The fashion designer as an artist and new paradigms of communication with the audience” . (2015): 517.
[7]Ibid., 516.

## Тема на изложбата: СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ

Свадбата е универзален обичај, ритуал кој се практикува низ целиот свет, со кој две лица стапуваат во брак. Се смета за едно од најважните случувања во животот на човекот. Свадбените традиции во голема мера се разликуваат во светските култури, па можат да се сретнат најразлични церемонии и ритуали кои се спроведуваат во чест на бракот. Но, секаде и во сите култури големо внимание се посветува на свадбената (церемонијална) облека, накитот и декоративните елементи кои симболички и визуелно ја збогатуваат целата церемонија. Свадбите можат да траат со денови, а подготовките со месеци, па дури и години. Се изведуваат најразлични ритуали за среќа, плодност и благосостојба на младенците. На тлото на Македонија се испреплетуваат различни народни свадбени традиции, кои се резултат на етничките и религиозни специфики на населението. Некои се задржале до денес а некои се заменети со нови, западни традиции, кои се во „мода" насекаде во светот.

За студентите, оваа тема не беше само дизајнерско-естетски предизвик, туку и процес на психолошко себепреиспитување: „соочување со одредени лични дилеми, дефинирање на сопствени ставови кон традициите, стереотипите..."[8]. Во процесот на истражување и разработка тие можеа да ги согледаат спецификите и разликите помеѓу поранешните традиции и свадбените обичаи на денешницата.

Развојната фаза траеше вкупно три месеци, со доволно време за дополнителни индивидуални истражувања, развој на идеи и нивна визуелизација преку колажи и скици и продукција на концептите.

### ТРЕТА ФАЗА:

### МОДНА ИЗЛОЖБА „СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ"

Во текстот на кураторот подготвен за каталогот на изложбата „Свадбени приказни", со наслов „Нови начини на модна комуникација" е нагласено следново:

„Современата модна презентација подразбира можност за понагласена интердисциплинарност и мултимедијалност во пристапот. Модните изложби како сè почеста практика претставуваат посебна платформа за презентирање на уметничките истражувања, креативните процеси, комплексноста и наративноста во творештвото на дизајнерите. Со изложувањето во музеите, дизајнерските креации стануваат специфично културно искуство за публиката, а воедно се здобиваат и со одредени уметнички вредности"[9].

Визуелниот идентитет на изложбата ја одразува идејата за дизајнерскиот (и интердисциплинарен) пристап кон темата и испреплетувањето на современите методи и новите технологии со традиционалните вештини и изработки. Основниот медиум е дигиталната фотографија, каде што централен мотив е невеста чија глава е покриена со бел вел. За симболичко означување на „приказните" е употребена фотографија на уста, дигитално манипулирана во компјутерскиот софтвер Adobe Photoshop со дисторзија на боите и пикселација на мотивот. Со тоа се нагласува улогата на современиот технолошки пристап во ова дизајнерско „раскажување на приказните". Со таква мисла е обработен и украсот за глава. Овој мотив всушност е ѓердан изработен со традиционални техники на декорирање со монистра, кој е дел од експонатите на учесничката во проектот Александра Јовановска. Со помош на компјутерскиот софтвер се исечени фрагменти од фотографијата на ѓерданот, а потоа со компјутерска фотомонтажа се додадени на челото на невестата во функција на украс. Фотомонтажата како уметничко-дизајнерска техника е стара речиси еден век, уште со првите аналогни експерименти на уметниците од Конструктивизмот и школата Баухаус, но таа сè уште царува во сите сфери на визуелните уметности.

### ВИЗУЕЛЕН ИДЕНТИТЕТ НА ИЗЛОЖБАТА „СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ"

Засебни елементи употребени во визуелниот идентитет










Фотографии и макети, изложба „Свадбени приказни", 2015





[8]Гордана Вренцоска, цитирана во: Лејла Сабит, „Тенка е линијата меѓу гламурот и фолклорот", интервју, Вест, 7, 8 ноември 2015, 14.
[9]Гордана Вренцоска, „Нови начини на модна презентација", во каталогот за изложбата „Свадбени приказни". (Скопје: Британски совет), 2015.

Во рамките на изложбата се презентирани две целини: фотографии и макети – кукли кои произлегоа од работилницата „Модата како уметност“ во првата целина, и десет индивидуални студентски проекти од втората развојна фаза на проектот. Во продолжение се дадени описи и илустрации на индивидуалните проекти.




**АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВСКА**
**„ФИКТИВЕН МЛАДОЖЕНЕЦ“**

Облека, додатоци, модна илустрација

Проектот на Александра Јовановска се заснова на измислена љубовна приказна. Таа вели: „инспирацијата за создавање на мојата мини колекција од 3 машки модни изгледи и модни илустрации произлезе од музејскиот експонат – кончалка, која на крајот на XIX и почетокот на XX век, била симбол на љубовта (вљубеното момче на девојката ѝ подарувало кончалка во знак на неговата заинтересираност кон неа)“[10].

Приказната, која е измислена од самата дизајнерка, е следна: „во Мариово, во почетокот на XX век живел млад бунтовник, страстен спортски навивач и хакер, чии амбиции биле да ги исправи актуелните владеачки неправди во општеството. Момчето се вљубило во ќерката на актуелниот владетел во Македонија и во знак на неговата искрена љубов спрема неа ѝ подарил рачно изработена кончалка со гравура од неговиот портрет. Во тој период во Македонија невозможно било да се официјализира нивната љубов со брак, поради различните верувања кои ги имале актуелните владетели, меѓу кои бил и таткото на девојката. Бидејќи љубовта била возвратена од девојката, а момчето не сакало да ги прифати заканите упатени од актуелниот владетел, било протерано од земјата и му се изгубила секаква трага. Девојката не била запозната со игрите на својот татко, па целиот живот го поминала во надеж дека нејзиното момче ќе се врати. Таа била запаметена како ќерката на владетелот со кончалката, бидејќи никогаш не се одделила од подарокот. По нејзината смрт, помалата сестра ја подарила кончалката во Музеј на Македонија, со цел да се зачува како скапоцен експонат и симбол на голема љубов“[11].

Задржувајќи се на симболиката на избраниот експонат, Александра Јовановска ја зема измислената приказната како појдовна точка за создавање на колекцијата „Фиктивен младоженец“. Таа креира три современи машки изгледи во кои ги надминува стереотипите за „машко“ и „женско“, со комбинирање на „избрани елементи од машката свадбена народна носија и женските невестински додатоци за трансформација во модни изгледи“[12]. Понатаму, се прави еден „скок“ од минатото кон денешницата, во која мажите се опседнати со фудбал, а навивањето има свој фолклор. Истражувајќи ги избраните традиционални елементи од свадбената носија таа наидува на сличности со одредени елементи кои ги користат денешните спортски навивачи во светот (како на пример „Ultars“ и „Casual“), па така „се направи поврзување на традиционалниот младоженец со современиот“[13]. Смелите модни решенија со инвентивни кроеви, изработени од памучни материјали во неутрални бои Јовановска ги збогатува со својот „заштитен знак“, а тоа се рачно насликите уникатни илустрации. Заокружување на облеката се модните додатоци, дел во форма на накит со рачно извезени монистра во флуоресцентни бои, а дел во форма на спортски реквизити: спортски чорапи, капи и шалови.

[10]Александра Јовановска, во описот на проектот „Фиктивен младоженец“, доставен до кураторот Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.
[11]Ibid
[12]Ibid
[13]Ibid







Презентацијата на креациите е со три живи машки манекени, кои имаат свое определено место за стоење во галерискиот простор. Тие се слободни да комуницираат меѓу себе, да позираат на фотографии и да одговараат на прашања на публиката. На овој начин авторката ја поместува приказната во современието и нѐ поттикнува на размислување за тоа „кој е денешниот (маж) младоженец?“ Како дел од поставката е и ѕидно платно со модни илустрации од моделите, печатени во природна големина.





## ДАНИЈЕЛА САВИЌ
## „ИСПРЕПЛЕТЕНИ СЛОЕВИ“

Инсталација со облека, конци, огледало, видео проекција

„Појдовна точка и инспирација за овој проект беше традиционална македонска носија од Порече која со својата волумениозност од слоеви создаде емпатија кон жената која на своето тело носела 40 килограми тешка облека. Носијата се состои од голем број елементи: од слоеви на облека, прекривки за глава до декоративниот масивен накит. Оваа слоевитост која е типична за македонските народни носии беше инспирација за понатамошно создавање на концептот - не само за дизајнот, туку и клучна за изложбената поставка. Проектот со наслов „Испреплетени слоеви“ претставува контраст и спој на два аспекта кои се однесуваат на симболизмот и значењата позади велот – затскривањето и истакнувањето на невестата како главен „протагонист“. Улогата на невестата во минатото и денес е доста контрадикторна, со оглед на фактот дека отсекогаш се придавало поголемо значење на невестата (која е во центарот на вниманието) отколку на младоженецот, а од друга страна пак за време на речиси целата церемонија нејзиното лице е скриено зад велот...[14]“

Концептуалноста е во срцта на проектот на Данијела Савиќ, чиј дизајн се заснова на сериозен и темелен умствен процес. Овој процес е прикажан и во петте умствени мапи во кои таа се занимава со анализа на темата и елементите на инспирацијата, и преку која доаѓа до идејата за својот експонат. „Умствената мапа“ е индивидуална креативна техника што се изучува преку предметот „Методологија на дизајнирање“ уште во првата година на Факултетот за арт и дизајн. Таа им помага на студентите да спроведат ефективен развоен процес во услови на работа на покомплексни проекти во кои треба да се земат предвид повеќе аспекти.






[14]Данијела Савиќ, во описот на проектот „Испреплетени слоеви“ доставен до кураторот Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.

Преку овие анализи Савиќ доаѓа до велот како главен мотив во концептот, кој во носијата од Порече изобилува со мноштво на геометриски форми кои се сведуваат на триаголници. Колорно богат, велот е дополнително украсен со куп реси на двата краја на ткаенината. Па така, за авторката триаголникот станува главен мотив, кој во дизајнот на поставката е преведен во висечка тродимензионална форма (пирамида). Дизајнот на главниот модел е конструиран од 13 парчиња во форма на триаголник. Савиќ ја објаснува симболиката на оваа форма: „триаголникот насочен со врвот нагоре е симбол за аспирација/тежнеење или издигнување, движечка сила, машка доминација и оган. Неговото потекло е чисто фалусно. Триаголникот насочен со врвот надолу е симбол на водата, на божественото и на матката. Претставува еден од најстарите симболи на женската божественост“[15]. Триаголниците свртени нагоре и надолу во целост се вклопуваат во темата на Свадбените приказни, повикувајќи се на мажот и жената и нивно соединување. Ресите, земени како директна инспирација од носијата, ја започнуваат инсталацијата високо во просторот на музејската галерија и се спуштаат кон централната точка во која е поставена скулптуралната креација од еко кожа. Спуштените конци, слободно испреплетени во просторот создаваат поинаква атмосфера, кои според авторката треба да отсликаат заплеткано минато, „заплеткани“ брачни односи.

Под креацијата на подот е поставен дводимензионален дизајн извезен на парче платно од еко-кожа, од чии везени мотиви излегуваат конци и се упатуваат вертикално кон централното парче на инсталацијата. Овој дводимензионален дизајн изведен од детал на прекривката за глава типична за носијата од Порече. Целта на ова дело е овие орнаменти да ги преведе во дизајн, дизајн кој ќе претстави трансформација од дводимензионална во тродимензионална форма.

[15]Данијела Савиќ, во описот на проектот „Испреплетени слоеви“ доставен до кураторот Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.







Иако во основа е моден дизајнер, Данијела Савиќ успешно владее со медиумите на фотографијата и видеото, кои ги употребува и во овој проект. Во видеото таа го претставува облекувањето на дизајнот – редењето на слоеви и на крајот фрлање на сите тие слоеви. Ова облекување и соблекување се повикува на минатото и сегашноста, односно традиционалната носија која е составена од голем број слоеви кои современата жена ги „отфрла“. Ова може да се толкува како критика на денешното отфрлање на традицијата. Додека, пак, огледалата освен тоа што ја претставуваат идејата за идентитетот за жената (невестата) која е центар на внимание на свадбената церемонија (а, истовремено се крие за велот), исто така се надоврзува и со идентитетот на народот. Во проектот „Испреплетени слоеви“ се застапени две бои: црвената и белата. Црвената боја е земена од носијата која доминира во везот, а белата е употребена како контраст со цел да постигне минималистички ефект во една просторна композиција. Белата боја во носијата била најчесто употребувана како основа за кошулите и поткошулите. Црвената е боја на крајностите, на страсната љубов, насилството, опасност авантурите, омразата, бесот или смртта. За нашите претци црвената боја, бојата на огнот и крвта била симбол на енергијата и примарните животни сили.

Во евалуацијата на својот проект Данијела Савиќ прави пресек на сите аспекти на нејзиниот концепт, својствено за нејзиниот аналитички и концептуален пристап (табела).

ТАБЕЛА АСПЕКТИ НА ПРОЕКТОТ „ИСПРЕПЛЕТЕНИ СЛОЕВИ“

**КОНЦЕПТ: СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ**

| | |
|---|---|
| ОКОЛИНА И КОНТЕКСТ | • Историски аспекти: регионот на Порече (потекло), политички влијанија врз традиционалната носија (период на Втора светска војна) - промени во начинот на изработка и индустријализација |
| ИНСПИРАЦИЈА | • Традиционална носија од Порече: Невестинска прекривка за глава и нејзините орнаментални форми, тежината на слоевите на облека |
| СТИЛСКА НАСОКА | • Современ дизајн, концептуална насока, минималистички пристап |
| ФУНКЦИОНАЛНОСТ<br>КОНСТРУКТИВНОСТ<br>СТРУКТУРА | • Дизајн лишен од функционалност или алтернативни материјали и закопчување |
| | • 2Д во 3Д преку дедуктивна анализа на формата |
| | • Испреплетени волнени конци - ткаење |
| ФОРМА | • Триаголник (машка VS женска доминација/унија) |
| МАТЕРИЈАЛИ | • Еко-кожа (скулптурален ефект) и памучна волница (структуралност и рачна изработка) |
| БОИ | • Црвена и бела |
| ТЕХНОЛОГИЈА / ИНОВАТИВНОСТ | • Конструкција на кројот, интердисциплинарен карактер, мултимедијална презентација |
| ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ | • Реупотреба на памучниот конец во нова форма и функција |
| ТРАДИЦИЈА НАСПРОТИ СОВРЕМЕНОСТ | • Суштина на концептот (фузија на двата контрасти), нови простори за модна презентација |
| ХУМАНА ДИМЕНЗИЈА И РЕЛЕВАНТНОСТ НА КОРИСНИЦИТЕ | • Инсталацијата не наметнува никаква конкретност, отворена за слободна интерпретација, индивидуално доживување, поттикнува емпатија кај гледачот |







## ИВАНА НИКОЛОВА
## „ОДСЈАЈ НА МИНАТОТО“

Инсталација со облека, додатоци, огледала

Ивана Николова ја започува својата приказна со истражување на народната носија од Мариово, како женската, така и машката. Во првата фаза на скицирање таа задржува повеќе препознатливи елементи од оригиналната носија, како ресите од женската носија и облека со повеќе парчиња. Во втората фаза таа веќе се насочува кон попрочистен и поконцептуален пристап, со само по едно парче облека за секоја од трите девојки кои се во фокусот: „идејата за проектот е претставување на сегашноста со одсјај на минатото, односно свадбените приказни на три девојки. Моделите од предната страна се изработени во духот на модерното време, но со многу слоеви, различни форми на сеченици и фалти инспирирани од слоевитоста и сложеноста на носиите, додека од задната страна тие се во црна боја и на нив може да се видат свадбените приказни на секоја од тие девојки, испишани на платното“[16]. Текстовите се отпечатени инверзно, а позади секој од моделите се поставени огледала во кои може да се прочитаат текстовите и во кои „се отсликува нивното минато“. Со креирањето на една ваква „транскрипција“ авторката го ангажира гледачот и го вовлекува во интимниот свет на трите невести. Така, секој кој ќе се вклучи во восприемањето на ова дело ќе може да ја прочита нивната свадбена приказна. Предната „бела“ страна на креациите богати со форми, наспроти минималистичката задна „црна“ страна со личните приказни, ги симболизираат конвенционалните сфаќања за убавината и раскошот на невестата (претставување во „најубаво светло“) наспроти вистинските потреби и чувства од внатрешната интима на жената што доживува животна промена. Ангажирањето на живи модели за поставката во форма на tableau vivant, ја акцентира нејзината намера за доловување на контекстот на современоста, но и да поттикне размислувања за улогата на невестата/жената во традиционалните и современите брачни заедници.







[16]Ивана Николова, во описот на проектот „Одсјај на минатото“ доставен до кураторот Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.

**АНА КАМЧЕВА**
**„ИДНИНА НА ТРАДИЦИЈАТА“**

Облека, додатоци

Инспирацијата за дизајнот кај Ана Камчева произлезе од полошката свадбена носија, „заради нејзината уникатност и интересни детали, како што е сокајот“[17]. „Сокај“, е невестински украс за глава од полошката носија од село Дебреше Гостиварско. Тој се изработува терзиски, сиот украсен со срмени и гајтани и бикмиња, а во долниот дел поткитен со „уплитки“ – реси од црна волна.[18] Формата на сокајот, слоевите, ресите и контрастот на црното и белото беа главните елементи кои беа искористени во ликовно-дизајнерскиот концепт на композицијата. Уште во текот на работилницата Ана Камчева се фокусираше на анализа на сокајот и неговата естетика, но имаше потреба да го направи „повидлив“. Во таа насока одеше и нејзината дизајнерска интервенција: „преместувајќи го сокајот од неговата позиција на задниот дел во предниот дел на костимот беше некаква манифестација на моите размислувања за минатото и традицијата, за внесување на традицијата во сегашноста, но и во иднината“[19]. Крајниот резултат се четири модни изгледи, а нивниот скулптурален дизајн е приспособен за презентација во музеј. Слоевитоста и тежината на македонските народни носии Ана Камчева ги референцира и во своите креации, со јаки и геометриски кроеви и волуминозни слоеви од тешки материјали: чоја, кепер и кадифе. Во поставката тие беа изложени на кукли, заедно оригиналниот експонат – сокај од колекцијата на музејот.









[17]Ана Камчева, во описот за концептот „Иднина на традицијата“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.
[18]Етнолошки музеј. „Објасненија за таблите и кројките“. Во Македонски народни носии. (Скопје: Музеј на Македонија, 1963), 17.
[19]Ана Камчева, во описот за концептот „Иднина на традицијата“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.

## РАДМИЛА ГЕОРГИЕВА
## „ОБОЕНО НАСЛЕДСТВО“

Облека, додатоци

Истражувањето кај Радмила Георгиева се пренесе од музејот во доменот на семејното наследство: „инспирација за овие креации се женската кошула за посебни пригоди и крпите - дарови за свадба, пренесувани во мојата фамилија како наследство. Овие предмети ги добив од мојата баба Ратка Георгиева, родена во 1944 година во село Облешево, Кочанско. Таа пак ги добила како подарок од својата свекрва... од чист памук, обоени со природни бои, ткаени на разбој“[20].

Во процесот на развој на модниот концепт Георгиева ги вклучува елементите на кројот на кошулата, декоративните линии и формата на даровните крпи, како и боите од декорациите (светло и темно кафена, портокалова, циклама, виолетова и зелена). Белата боја која преовладува во оригиналните предмети е свесно изоставена. Финалните решенија се три женски модни изгледи, во кои се вклучени палта, здолништа, блузи, шалови, фустан.

На изложбата овие креации беа поставени на кукли, заедно со оригиналните предмети аранжирани со древен ковчег од колекцијата на Музејот на Македонија, типичен за чување на невестински „чеиз“.







## ЕСМА ЌАЗИМ
## „СТЕБЛОТО НА ЖЕЛБИТЕ НА НЕВЕСТАТА“

Облека, додатоци

Есма Ќазим се претставува со една креација, со која ги обработува психолошките аспекти на „станувањето невеста“: „секоја млада девојка има свои желби кои сака да ги оствари. Начинот на остварувањето на желбите се реализира на различни начини. Уште од старите времиња се користат различни ритуали и традиции, кај сите народи. Ова е мојата невеста која ја претставува нејзината младост и убавина. Но за жал, секоја невеста не може да ги оствари сите нејзини идеи и желби. Традициите не можат да одговорат на сите прашања од кои очекуваме одговор...“[21].

Борбата помеѓу старото и новото, традициите и сегашноста, очекувањата на колективот и личните желби се видливи во ликовно-дизајнерскиот концепт на Есма Ќазим. Со ориенталната орнаментика и декорирањето со срмени гајтани таа ја претставува традицијата (но и покриеноста), а со транспарентните пластични материјали ја симболизира сегашноста (и отвореноста). Невестата носи капа со рогови, со што се нагласува нејзината решеност да ги следи своите желби и да им се спротивставува на стегите на традицијата.









[20]Радмила Георгиева, во описот за концептот „Обоено наследство“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.

[21]Есма Ќазим, во описот за концептот „Иднина на традицијата“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.





**ДАНИЕЛА КОЦЕВСКА**
**„КИТЕЊЕ“**

Инсталација со фотографии, графички декорации, плексиглас

„Низ историјата на Македонија се провлекува постојаната желба на жената за китење, украсување и разубавување. Во минатото, белег на тоа се свадбените носии, кои го покривале целото тело на невестите. Поврзаноста на модерните девојки и оние за кои сведочи историјата е токму тоа – китењето. Тоа денес го правиме со обетки, ланчиња, венчиња и слично. Што би се случило кога би го земале начинот на китење од традицијата и би го примениле во денешницата, со модерни материјали и модерна изработка?“[22].

Даниела Коцевска, студент на насоката графички дизајн, го кодира со графички јазик целиот украсен аранжман на невестата од народните традиции. Почнувајќи од украсите за глава, преку украсите за гради и појас, оваа заокружена целина на покриеност кај Коцевска се претвора во симплифицирана геометризирана структура од шестоаголници, кругови и тријаголници во основните три бои: сина, жолта и црвена. Овие форми и бои дизајнерката ги пронаоѓа во геометриските орнаменти на носиите и ќилимите. Концептот е прикажан со дигитално печатени фотографии на три девојки, чие држење и начин на позирање е инспириран од невестите на минатото. Геометриските декорации од пластика кои го претставуваат „китењето“ се нанесени на транспарентна кутија од плексиглас чиј преден слој е одвоен од фотографијата. Ова одвојување ја претставува временската дистанца помеѓу невестата од минатото и жената на денешницата.

Со четвртиот „накитен“ плексиглас (без фотографија), кој висеше слободно во просторот, на посетителите им беше дадена можност да станат дел од поставката и да се фотографираат со декорациите. Делото на Коцевска беше изложено заедно со експонати од свадбените традиции - коцали и појаси од невестинските носии.

[22] Даниела Коцевска, во описот за концептот „Китење“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.









## СУЗАНА МИНОВСКА
## „НЕЗАБОРАВ“

Графички декорации на облека, УВ светло

„Сузана Миновска е студент на насоката графички дизајн, па нејзиното истражување беше фокусирано на орнаментиката во свадбените традиции: „обичаите кои ги следат свадбените ритуали се богати со многу содржини. Ова ме натера да размислувам за обичаите и ритуалите не само кај нас, туку и кај припадниците на други вери. Во истражувањето на овие ритуали кај Муслиманките ме воодушеви обичајот, кој ми беше познат и од порано, невестите да ги украсуваат своите раце и нозе со прекрасни ориентални мотиви, налик на чипка на самата кожа. Украсувањето се врши со цртање на рацете и нозете со к´на, прекрасен ритуал. Ова беше голема провокација за мене“[23]. Сузана Миновска се задржува на рачното цртање на мотивите кои се повторуваат, сакајќи да ги истакне разликите помеѓу нив (што не е случај кај везените мотиви, каде бодот е определен и не е слободен како потезот на четкичката).

Со акцентирање на несовршенството на рачната работа, Миновска порачува дека „светот не е совршен и токму тука е убавината на постоењето“[24].

Технологијата на изведбата беше главна провокација за Миновска. Таа помина многу часови во експериментирање, проби, размислување, истражување на одделни сегменти кои се составен дел на целиот концепт. Двете целини од нејзиниот проект се одвоија токму по различниот технолошки пристап во изведбата.

Природни материјали и природни бои – во првата фаза на развојниот процес Миновска користи текстил од природни влакна т.е. ленено платно. На тоа се надоврзува потребата за користење бои од природно потекло, во случајов к´на. Ваквата комбинација неа ја асоцира на минатото време кога се користеле исклучително природни материјали. При декорирање на моделите од лен користи две концепции, едната е слободен и интуитивен сликарски пристап, а другата е графички пристап со однапред испланиран дизајн. Кај моделот со сликарски пристап аплицирани се разни мотиви инспирирани од везови на свадбените носии, украси и накит кои се составен дела на носиите. Кај моделот со графички пристап се претставени следниве мотиви: мотив од белегзија – артефакт од 19 век, која потекнува од локалитетот кај Баргала, Штип[25] и вез на украс за глава – сокај, невестинска носија од охридскиот регион, крајот на 19 век[26].

Синтетички материјали и синтетички бои - втората изведба беше изработена со ПВЦ материјал, транспарентен, без боја. Овој модел го претставува новото време, денешницата, ерата на современи технологии на материјали. Креацијата е изведена според кошула од свадбената носија, со рачно исцртан мотив со УВ боја. Мотивот е преземен од вез од ракав на невестинска кошула од Порече . Оригиналниот вез е изработен со сребрен конец, црн и темно црвен волнен конец од крајот на 19 век. Светлечкиот ефект на новиот модел кој се постигнува под УВ светлина по пат на асоцијација треба да го претстави сребрениот конец во оригиналниот вез. Во процесот на создавање за Миновска беше важно истражувањето, потрагата по соодветни материјали, тестирањата на компатибилност со УВ бои и реакција на материјалот, начин на аплицирање на боја, врзување на бојата со материјалот, сушење, постојаност.

И во самата поставка Миновска ги сместува двете концепции по хронологија. Најнапред се поставени двата модела од „природната“ концепција, а позади нив, во посебна просторија во која се постигнати потребните услови за УВ осветлување, е сместен моделот од „синтетичката“ концепција. Топлината и блискоста на „природните“ модели, наспроти магичноста и недофатливоста на „синтетичкиот“ модел, ни ја визуелизира потребата на авторката за компарирање на традицијата и ултра модерните текови.

[23]Сузана Миновска, во описот за концептот „Незаборав“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.
[24]Сузана Миновска, во описот за концептот „Незаборав“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска.
[25]Звонко Белдедовски, Трајче Нацев, Димитар Мустракински, Накитот низ вековите (Штип: Завод за заштита на споменициите на културата и Народен музеј Штип, 2001): 44.
[26]Institute of Folklore – Skopje, Macedonian Folk Embroidery (Скопје: Македонска книга, 1975): 31.
[27]Ibid., 74.









**БИЛЈАНА ДАВИТКОВА**
**„ГРАФОМАНИЈА“**

Графички дезени на текстил, скулптури од хартија

Билјана Давиткова е студент на насоката графички дизајн. Појдовна точка во нејзиниот прект е орнамент од женска невестинска носија од село Страцин во Кумановскиот регион, која е изложена во Музејот на Македонија. Орнаментот е преземен од „ќурдија“, горна облека од бела клашна, која е извезена со мотивите „на кола“, „вртунке“ и „кршкани тегелац“[28]. Во процесот на дизајнирање орнаменталниот мотив е дополнително графички стилизиран и разработен во 4 колористички комбинации. Според првичната идеја орнаментот беше трансформиран во форма на бордура, но по сугестија на менторот Гордана Вренцоска беше изработено графичко решение со просторно мултиплицирање на мотивот со градација на големини. Финалните решенија во чиста геометриска варијанта беа прецизно компјутерски векторизирани и подготвени за понатамошна апликација. Мотивите дозволуваат примена на најразлични материјали и во различни области на дизајнот, но бидејќи проектот е во доменот на модата, овој пат беа реализирани со дигитално печатење на сатенско платно од 100% полиестер.

Во втората фаза на дизајнирање авторката ја трансформира дводимензионалната графика во тридимензионална форма преку рачно изработени скулптури од хартија во боја. На тој начин таа ја потенцира не само уметничката страна на развиениот концепт, туку и можноста на дизајнот да ги поместува границите на конвенционалното и утилитарното. Проектот беше изложен како инсталација од дезенираните текстилни платна и скулптурите од хартија.










[28]Етнолошки музеј. „Објаснениja за таблите и кројките“. Во Македонски народни носии. (Скопје: Музеј на Македонија, 1963), 3.

**АНА ПЕТРОВА**
**“РЕФЛЕКСИЈА НА ВРЕМЕТО”**

Стрип илустрација

„Проектот е во форма на мини стрип, спој на минатото и сегашноста. Од лево е илустрирана свадба од минатото, а од десно од сегашноста“[29]. Со овој стрип Ана Петрова ги илустрира традиционалните свадбени обичаи од Македонија и тоа што го имаме како денешна состојба. Преку својот проект таа го поставува прашањето: „свадбена носија или модерна венчаница, традиција или современост?“





## КОНЦЕПЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕНАТА ПОСТАВКА:

Експонатите од модната изложба беа поставени во салата за повремени изложби во Музејот на Македонија, во две целини: фотографии и макети од работилницата „Модата како уметност“ како прва целина, и индивидуалните проекти на студентите од развојната фаза, како втора целина. Во поставката беа вметнати и експонати од изложбата „Црвен петел – црна кокошка“, која претходно беше отворена во рамки на Белата ноќ на 5 октомври 2015. Оваа изложба вклучува археолошко и етнолошко наследство поврзано со култовите на плодноста[30]. Во изборот и усогласувањето на музејските експонати со централната поставка од модни експонати на „Свадбени приказни“ учествува кустосите Јасемин Назим и Нада Андоновска од Музеј на Македонија. Од изложбата „Црвен петел – црна кокошка“ во изложбата „Свадбени приказни“ беа вклучени елементи од невестинските народни носии, како кошулата „доврњаци“ од село Младо Наогричане, Кумановско; срмен „сокај“ - невестински украс за глава од полошката носија и волнен појас „колан со китки“ од село Дебреше, Гостиварско; и други елементи. Невестинските носии во македонската народна култура се материјална компонента на свадбениот обред со кој девојката станува жена[31]. Елементите од носиите изобилуваат со таква симболика, како ромбоидните, триаголните и кружните форми кои ја симболизираат вулвата, и црвената боја која ја симболизира плодноста[32]. Носијата во исто време служи и како заштитник од злите сили и лошите погледи кои на невестата „можат да ѝ ја одземат способноста да раѓа“[33]. Дополнително, на барање на кураторот беа вклучени и други експонати од Музејот на Македонија, кои се дел од колекцијата на свадбени ќилимчиња за коњи: ќилимче за коњ – сеџаде, село Романовце, Кумановско; свадбено ќилимче за коњ – сеџаде со седум прста, село `Рлевци, Велешко; и свадбено ќилимче за коњ - кола, с. Шипковица, Радовишки Шоплук. Во поставката беа изложени и два дрвени ковчега, кои служеле за чување на невестинскиот чеиз. За студентите ова испреплетување на експонатите претставуваше ретка можност – „најголем ексклузивитет е тоа што во поставката нивните дела стојат рамо до рамо со дел од најдобрите експонати од свадбените традиции што ги чува Музејот на Македонија – врв на народното творештво“[34]. Во сценографската изведба на изложбата учествуваа студентите по дизајн на ентериер Бесник Ризмани, Верица Стојановиќ, Невена Наумоска и Ивана Стојановска.

## ОДЗИВ ВО СТРУЧНАТА И ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ

Проектот „Модата и културното наследство“, во чии рамки се одржаа работилницата „Модата како уметност“ и изложбата „Свадбени приказни“, за организаторите на Модниот викенд Скопје беа мотивација за целосна посветеност на изданието Есен/Зима 2015 на оваа тематика. Со ист назив „Модата и културното наследство“ беше насловено ова издание на манифестацијата, а и самата локација на одржување беше поврзана со локација на изложбата – Музеј на Македонија. На тој начин можеше да се сврти вниманието на модната публика и учесниците во модната индустрија кон важноста на културниот аспект на модата. Токму овој аспект на проектот „Модата и културното наследство“ го потенцираа и Кендал Робинс и Нив Тафт од Британскиот совет во Лондон:

-Како организација на Велика Британија која се занимава со односите во културата, сметаме дека модната индустрија, во целост, ќе има придобивки доколку повеќе ја цени и почитува културната вредност на модата. Исто така, приказните, пораките и историите кои во себе ги носи модата овозможуваат разбирање и доверба меѓу луѓето и културите. Се надеваме дека проектите како што е овој ќе помогнат во вградување на културната вредност во модата и ќе овозможат почитување на различните традиции и културни приказни кои таа ги изразува, а сето тоа преку охрабрување на интелектуални и аналитички пристапи, како што се поимите за наследство и идентитет во современиот дизајн[35].

Александра Јовановска, учесник во изложбата, смета дека традицијата е основа на идентитетот на дизајнерот: „традицијата е код на еден народ и е секогаш инспиративна за создавање на нови, свежи идеи кои го отсликуваат времето на нашето живеење. Со вметнување на одредени елементи од традицијата се создава идентитетот на дизајнерот како претставник на современото културно општество[36]. Младите дизајнери имаат можност преку своите креации да влијаат на пошироката јавност, како што потенцираат Робинс и Тафт: „сепак, дизајнерите ширум светот се сè уште моќни коментатори од социјален, политички и културен аспект, со потенцијал да поттикнат нови идеи и да стимулираат дебата“[37]. Важно е да се пробуди интерес кај помладата популација и свесност кај дизајнерите за процесите што се случуваат во современиот свест: „глобализацијата на модата, доминантноста на луксузните брендови и брзата мода резултираат со хомогенизација во глобалната мода и недостаток на свесност и разбирање за културниот израз кој по традиција е основата на модата“[38]. Од потребата за менување на овие состојби произлезе и главната порака што учесниците во проектот ја испратија преку изложбата: „преку оваа изложба сакаме да го свртиме вниманието на младите од Македонија кон локалните традиции, заборавени или потиснати во напливот на искомерцијализираните западни обичаи. Со изложбата промовираме развој на индивидуална креативност и почитување на автентичните културни вредности“[39]. Оваа порака е упатена и како поддршка кон сите локални дизајнери, занаетчии и модни брендови кои ја создаваат локалната култура и придонесуваат кон зајакнувањето на домашните креативни индустрии: „крајната цел е да се препознае и да се промовира културната вредност на модата, таа што во себе носи уметнички, но и други општествени вредности“[40].




[29]Ана Петрова, во описот за концептот „Рефлексија на времето“ доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата.
[30]Јован Шурбановски, Црвен петел – црна кокошка, каталог од изложбата, октомври 2015, Музеј на Македонија Скопје, 2015.
[31]Во описот на легендата, изложба Црвен петел – црна кокошка, октомври 2015, Музеј на Македонија Скопје.
[32]Ibid.
[33]Ibid.

[34]Гордана Вренцоска, цитирана во: Лејла Сабит, „Тенка е линијата меѓу гламурот и фолклорот“, интервју, Вест, 7.8 ноември 2015, 14.
[35]Кендал Робинс, и Нив Тафт, Културната вредност на модата, во „СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ: Модна изложба на Факултетот за арт и дизајн – ЕУРМ“, каталог од изложбата, 21 октомври – 8 ноември 2015, НУ Музеј на Македонија. Скопје: Британски совет Македонија, 2015.
[36]Александра Јовановска, цитирана во: Сања Јачевска, „Традиција трансформирана во современ живот“, Нова Македонија, 6 ноември 2015, 22.
[37]Робинс, и Тафт, Културната вредност на модата, 2015.
[38]Ibid.
[39]Гордана Вренцоска, цитирана во: Сања Јачевска, „Традиција трансформирана во современ живот“, Нова Македонија, 6 ноември 2015, 22.
[40]Ibid.

Изложбата „Свадбени приказни“ ја поддржа и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Паралелно со изложбата од 21 октомври до 8 ноември 2015 година во Библиотеката се организираше изложба насловена како „Модата низ фондовите на НУБ“ со публикации од книжевниот фонд на Библиотеката кој нуди преглед на богатото модно и културно наследство во Македонија и можностите кои ги нуди НУБ за користење на овој фонд.

Одзивот на публиката, посебно на отворањето на изложбата беше одличен, а беа забележени различни категории на посетители. Медиумскиот одзив за изложбата беше поголем од очекуваното, со написи, интервјуа и фотостории во повеќе печатени и електронски медиуми во Македонија, Србија и Велика Британија. Како потврда за успешноста на проектот беше и третманот на Македонската национална телевизија, која ја сними документарната емисија „Свадбени приказни“ уште за времетраењето на изложбата.

**ЗАКЛУЧОК:**

Модната изложба на Факултетот за арт и дизајн „Свадбени приказни“, која се реализираше во рамки на Моден викенд Скопје Есен/Зима 2015 е завршница на неколкумесечниот проект „Модата и културното наследство“, во чија реализација учествуваа Британскиот совет во Македонија како организатор, со Европски универзитет – Р. Македонија и НУ Музеј на Македонија како партнери. Во проектот учествуваа 15 студенти од моден дизајн, графички дизајн и дизајн на ентериер, нивни ментори/професори, музејски кустоси и други учесници. Целта на проектот беше да се примени богатото културно наследство од музејските колекции со облека, текстил и накит во работата на современите дизајнери, а преку интердисциплинарната соработка да се изнајдат и нови уметнички начини на модна презентација.

Современата дизајнерска интерпретација на елементите од културното наследство беше остварена преку примена на дизајн процес (истражување, анализи, развој на решенија и прототипови), како и примена на најразлични методи: преку редукција, стилизација и трансформација на ликовните елементи, преку користење (или свесно напуштање) на колорните шеми, преку примена на традиционалните техники и вештини на изработка во нов контекст, и други начини. Во процесот на продукција, освен конвенционални материјали беа применети и современи/ артифициелни материјали – пластика, полиестерски материјали, плексиглас, УВ бои, УВ светло. Исто така, беа употребувани традиционални техники на цртање, везење, шиење, како и современи техники – компјутерски софтвери, ласерско сечење, дигитално печатење, дигитални фотографии, видео обработка.

Музејската модна изложба претставуваше можност за третирање на модата како културно искуство, но и за додавање уметничка вредност на модните концепти. Интердисциплинарните поврзувања на различните медиуми како модната илустрација, облеката, накитот, дезенираниот текстил, графиката, стрипот, фотографиите, видеото и инсталациите овозможуваат повеќеслојна и мултисензорна комуникација со публиката и подолготраен ефект од восприемањето на делата. Изложбата „Свадбени приказни“ ги допре прашањата за наследство и идентитет во современиот дизајн, а младите дизајнери ја согледаа важноста на традицијата во формирањето на дизајнерскиот иденитет, во услови на глобализација и хомогенизација во модата. Со здружување на институции и поединци од повеќе различни сегменти (културно наследство, образование, приватен сектор) можат да се постигнат резултати што ќе бидат од бенефит за сите инволвирани страни. Во случајот со проектот „Модата и културното наследство“, придобивките беа: новостекнати знаења за културното наследство, испробување на нови начини на меѓусебна соработка, нови начини на комуникација со публиката (за дизајнерите/ студентите по дизајн); освежување на програмските содржини и сткнување на нова публика (за музеите), како и додавање на културна и уметничка вредност на модата (за модните организации и дизајнерите). Медиумската покриеност значи и поширока информираност на јавноста за ваков вид на активности, и помага во испраќањето на пораката и зголемувањето на свеста за богатото културно наследство во Р. Македонија.



**БИБЛИОГРАФИЈА**


Белдедовски, Звонко, Нацев, Трајче и Мустракински, Димитар. Накитот низ вековите. Штип: Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Штип, 2001.

Vrencoska, Gordana (2015). "Museum Fashion Exhibiitions: The fashion designer as an artist and new paradigms of communication with the audience" . Proceedings, 5th International Scientific Conference "New space in art and science", The Science European University – R. of Macedonia, Skopje. (19 June 2015): 515– 528.

Вренцоска, Гордана. „Нови начини на модна комуникација". Во СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ: Модна изложба на Факултетот за арт и дизајн – ЕУРМ, каталог од изложбата, 21 октомври – 8 ноември 2015, НУ Музеј на Македонија, 2015.

Георгиева, Радмила. Опис за концептот „Обоено наследство" доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Етнолошки музеј. Македонски народни носии. Скопје: Музеј на Македонија, 1963. Institute of Folklore – Skopje, Macedonian Folk Embroidery. Скопје: Македонска книга, 1975.

Јачевска, Сања. „Традиција трансформирана во современ живот", Нова Македонија, 6 ноември 2015, 22.

Јовановска, Александра. Опис на проектот „Фиктивен младоженец", доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Камчева, Ана. Опис на проектот „Иднина на традицијата" доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Коцевска, Даниела. Опис на проектот „Китење" доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Миновска, Сузана. Опис на проектот „Незаборав" доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Moloney, Alison. Start. Во каталогот за RECONSTRUCTION: Cultural Heritage and the making of Contemporary Fashion. London: British Council, 2011.

Николова, Ивана. Опис на проектот „Одсјај на минатото" доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Петрова, Ана. Опис на проектот „Рефлексија на времето " доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Робинс, Кендал, и Тафт, Ниам. Културната вредност на модата. Во „СВАДБЕНИ ПРИКАЗНИ: Модна изложба на Факултетот за арт и дизајн – ЕУРМ", каталог од изложбата, 21 октомври – 8 ноември 2015, НУ Музеј на Македонија. Скопје: Британски совет Македонија, 2015.

Сабит, Лејла. „Тенка е линијата меѓу гламурот и фолклорот", интервју со Гордана Вренцоска, Вест, 7, 8 ноември 2015, 14.

Савиќ, Данијела. Опис на проектот „Испреплетени слоеви" доставен до кураторот Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Ќазим, Есма. Опис на проектот „Иднина на традицијата" доставен до менторот и куратор Гордана Вренцоска и вклучен во легендата на изложбата „Свадбени приказни" , 2015.

Шурбановски, Јован. Црвен петел – црна кокошка, каталог од изложбата, октомври 2015, Музеј на Македонија Скопје, 2015.






**Тим за реализација на проектот „Модата и културното наследство“:**

Проект менаџер: Жарко Конески, Британски совет во Македонија

Проект координатор: Кендал Робинс, Британски совет Лондон

Главен раководител на проект и куратор на изложбата: проф. д-р Гордана Вренцоска, ЕУРМ

Раководител на работилница: проф. Сузан Постлвејт, Универзитет на уметности Лондон

Ментори –извршни раководители: проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска - Јана, доц. м-р Јовица Мијалковиќ, ЕУРМ.

Извршни раководители: проф. д-р Лидија Наумовска, доц. д-р Елизабета Стамевска, ЕУРМ

Кустоси од Музеј на Македонија: Јасемин Назим, Наде Андонова, НУ Музеј на Македонија

Техничка поддршка и модно студио: Гордана Божиновска, ЕУРМ

Учесници: Елена Макарова и Александра Јовановска, ЕУРМ; Горан Костадинов, НУ Музеј на Македонија.

Студенти - дизајнери: Александра Јовановска, Данијела Савиќ, Ивана Николова, Ана Камчева, Радмила Георгиева, Есма Ќазим, Даниела Коцевска, Сузана Миновска, Биљана Давиткова, Ана Петрова, Бесник Ризмани, Верица Стојановиќ, Невена Наумоска, Ивана Стојановска, Сара Романов.

**МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО: Интердисциплинарниот пристап во нивното поврзување**

Издавач: Британски совет во Македонија

За издавачот: Елеонора Запрова

Уредници: Гордана Вренцоска, Жарко Конески

Автори: Гордана Вренцоска (статија); Лидија Наумовска, Стојанка Манева – Чупоска - Јана, Јасемин Назим, Елизабета Стамевска, Јовица Мијалковиќ (прилози).

Јазична редакција: Јасминка Јанева

Дизајн: Далибор Смилески

Фотографии: Даниела Коцевска, Гордана Вренцоска, АниДими – Моден викенд Скопје, Данијела Савиќ, Сузана Миновска.

Насловна страна: Гордана Вренцоска (концепт и стајлинг), Даниела Коцевска (фотографија), Магдалена Костеска (модел), Александра Јовановска (украс за глава).

Последна страна: Гордана Вренцоска (фотографија), Александра Јовановска (ѓердан)

Електронска публикација
Скопје, 2016

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

687.5:391(497.7)
687.5:930.85(497.7)

МОДАТА и културното наследство [Електронски извор] : интердисциплинарниот пристап во нивното поврзување / [Гордана Вренцоска ... [и др.] ; фотографии Даниела Коцевска ... и др.]. - Скопје : Британски совет во Македонија, 2016

Начин на пристап (URL): www.britishcouncil.mk. - Текст во PDF формат, содржи 48 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 13.12.2016

ISBN 978-608-4750-06-2
1. Вренцоска, Гордана [автор]
а) Мода и културно наследство - Македонија
COBISS.MK-ID 102186762

Сите права се задржани. Без претходно одобрување на сопственикот на авторските права, ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, електронски да се снима, ниту да се пренесува во било кој облик – електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на било кој друг начин.



**© British Council 2016**
Британскиот совет е меѓународна организација на Обединетото Кралство за односи на полето на културата и за образовни можности.

www.britishcouncil.mk